**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

# П Р О Г Р А М А
## за активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2026 година

**КРИВА ПАЛАНКА**
**2025 ГОДИНА**


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

Врз основа на член 14, став 1, точка 10 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка , (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.8/2010, 12/2010, 8/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023, 05/2024, 09/2024), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 09.12.2025 година донесе

**ПРОГРАМА**
**за активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2026 година**

Образованието претставува основа за развој на секое општество и е клучен фактор за создавање на одржлива, инклузивна и просперитетна заедница. Во таа насока, програмата за образование на Општина Крива Паланка за 2026 година има за цел да обезбеди систематски пристап во унапредување на образовните процес, подобрување на инфраструктурните услови, поттикнување на иновативните наставни практики и зголемување на вклученоста на учениците, наставниците и родителите во обрзовната заедница. Како општина со силен фокус кон човечкиот капитал и социјалната кохезија, програмата за образование за 2026 година ќе се развива со цел да обезбеди континуитет во учењето, инклузивност, еднакви можности и високи стандарди на квалитет.

Програмата ќе ги утврдува приоритетите и активностите што Општина Крива Паланка ќе ги реализира во текот на 2026 година во соработка со основните училишта, средното училиште, Министерство за образование и наука, како и со локалните и меѓународните партнери.

**ЦЕЛИ**

**Општа цел** на програмата

Обезбедување еднаков пристап, квалитетно и инклузивно образование преку развој на знаења, вештини и таленти на учениците, поддршка на наставниот кадар, рационално користење на буџетските средства и јакнење на партнерствата на Општината во образовната сфера.

**Специфични цели** на оваа програма се:

- Поттикнување развој на знаења, вештини и таленти кај учениците и студентите, преку стимулирање на успехот и учество на натпревари.
- Обезбедување еднаков пристап и можности за сите ученици и студенти преку субвенции, финансиска поддршка и стимулирање на таленти.
- Поддршка и професионален развој на наставниот кадар преку едукација, стручно усовршување и наградување на најуспешните наставници.
- Јакнење на капацитетите на Општината преку партнерства и поддршка на училишни проекти за унапредување на образованието.



☎ +389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка
INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

- Унапредување на соработката помеѓу училиштата, семејствата и локалната заедница за инклузивен и квалитетен образовен процес.

- Обезбедување ефикасно, економично и квалитетно функционирање на образовниот процес преку рационална распределба на средства и подобрување на условите за настава.

**АКТИВНОСТИ**

Активностите на Општина Крива Паланка во областа на образованието во 2026 година ќе бидат насочени кон

**- Поддршка и стимулирање на ученици и студенти**

Општината ќе обезбеди финансиска поддршка за учениците и студентите со цел стимулирање на нивниот развој и таленти. Ова вклучува финансиска помош и стипендирање на учениците и студентите со цел да се овозможи еднаков пристап до образованието и поттикнување на успехот кај сите ученици и студенти.

**- Развој и мотивација на наставниот кадар**

Унапредување на квалитетот на наставата преку мотивирање и признавање на заслугите на наставниот кадар, со цел развој на професионалните компетенции, промоција на квалитетна настава и обезбедување услови за континуирано стручно усовршување

**- Јакнење на институционални и партнерски капацитети**

Општината ќе поттикнува соработка со локални и национални институции, организации и партнери, како и поддршка на проекти и иницијативи на училиштата.

**- Поттикнување на културна и образовна соработка**

Општината ќе учествува во училишни манифестации, културни и образовни активности, ќе ги вклучи учениците и родителите во заеднички настани и ќе обезбеди различни посети на настани во општината.

**- Поддршка на ефикасно и квалитетно функционирање на образовниот процес**

Општината ќе обезбедува безбедна и функционална средина за учење преку осигурување за штети на училишните објекти и обезбедување стручна, техничка и логистичка поддршка за активностите и проектите. Исто така, ќе се обезбеди рационална распределба на блок дотации и буџетски средства за основното и средното образование.

**ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите од областа на образованието утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средства во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2026 година, Министерство за образование и наука, сопствени приходи на училиштата и од донации.

При реализирање на Програмата, Советот на Општина Крива Паланка ќе ги поддржи институциите и здруженијата на граѓани кои ќе реализираат проекти од областа на образованието финансирани од други инвеститори-заинтересирани партнери, фондации, бизнис сектор и др.


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

**ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ**

Други форми на активности со кои ќе се помага образованието се:
- обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината,
- создавање услови за воведување нови образовни профили во образовниот процес,
- зголемување на можностите за професионална ориентација,
- истражувања поврзани со пороците на денешнината (дрога, алкохол и сл) и застапеноста меѓу учениците/-чките,
- анализа на податоците на ученици/-чките кои завршиле основно образование за задолжителноста за упис во средно образование.

- **СПРОВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА**

Спроведувањето на Програмата на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2026 година е во надлежност на Градоначалникот на Општина Крива Паланка, преку Секторот за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот/ Одделение за јавни дејности.

- **ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Програмата стапува на сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Бр. 6407/11**
**09.12.2025 година**
**Крива Паланка**

**Советотна Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Миле Трајковски**



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| **АКЦИСКИ ПЛАН**<br>**Оперативна, родово сензитивна буџетска програма за ОБРАЗОВАНИЕ за 2026 година**<br>**на Општина Крива Паланка** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Буџетска програма и конто** | **1** | **ЦЕЛ: Поттикнување на развојот на знаењата, вештините и талентите кај учениците преку стимулирање на успехот и обезбедување поддршка за учество на државни и меѓународни натпревари** | | | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| **464120 АО** | **1.1** Стимулирање на учениците и ученичките за унапредување на нивните знаења | Стипендирање на талентирани ученици/чки и студенти/тки<br>Донесување на Одлука за стипендирање<br>Донесување на Правилник за стипендирање<br>Објавување на Конкурс за стипендирање<br>Склучување на договор | **септември** | Број на доделени стипендии разделени според пол. | Општина Крива Паланка | **540.000,00 ден** |
| **464410 АО** | **1.2** Поддршка на талентирани ученици/чки за учество на државни и меѓународни натпревари | Подршка на ученици/чки за учество на натпревари | **По потреба** | Број на ученички и ученици кои учествувале на државни и меѓународни натпревари за 2026г. | Општина Крива Паланка | **30.000,00 ден** |
| | **2** | **ЦЕЛ:** **Обезбедување еднаков пристап и** | | | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| | | **2.1 Субвенциониран превоз на** | | | | |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **студенти /тки** | **октомври** | Број на субвенционирани сстуденти за превоз, рразделен по пол | Општина Крива Паланка | **58.000,00** |
| **421440 Г1** | | Донесување Одлука за субвенционирање | | | | |
| | | Донесување на Правилник за субвенционирање | | | | |
| | | Објавување на Конкурс за субвенционирање | | | | |
| **464990 N1** | Создавање на услови и креирање на постапки и процедури за субвенционирање на различни категории на семејства | **2.2 Еднократна парична помош на семејства со прваче** | **септември** | Број на поднесени барање за помош на прваче разделен по пол<br><br>Број на донесени решенија за еднократна парична помош за прваче разделен по пол на ученикот/ученичката | Општина Крива Паланка | **400.000,00** |
| | | Донесување на Одлука за парична помош | | | | |
| | | Поднесување барање | | | | |
| | | Донесување на решение | | | | |
| | | **Свечено дефиле на матуранти** | **мај** | Број на матуранти учесници на дефилето | Општина Крива Паланка | **50.000,00** |
| **464990 N2** | | **2.4 Субвенција за секој ученик кој ќе се запише во прва година во СОУ „Ѓорче Петров“ во Крива Паланка,** | **септември** | Број на поднесени барање за месечна субвенција за ученици во прва година разделен по пол<br>Број на донесени решенија за месечна субвенција за ученици во прва година разделен по пол на ученикот/чката | Општина Крива Паланка | **3.600 000,00** |
| | | Донесување на Одлука за месечна субвенција | | | | |
| | | Поднесување барање | | | | |
| | | Донесување Решение | | | | |
| **464990 N2** | | **2.5 Парична помош за матуранти/тки запишани во СОУ Ѓорче Петров Крива Паланка** | **април** | Број на поднесени барања за помош за матуранти разделен по пол | Општина Крива Паланка | **540.000,00** |
| | | Поднесување барање | | | | |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Донесување на решение | | -Број на донесени решенија за еднократна парична помош за матуранти разделен по пол на ученикот/чката | | |
| | 3 | **ЦЕЛ: Поддршка и развој на наставниот кадар преку едукација, стручно усовршување и мотивирање на наставниците со препознавање на нивните заслуги и постигнување** | | | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| | Едукација, стручно совршување и мотивација на наставниот кадар | Избор на најуспешен просветен работник/чка | **мај** | - Пол на избраниот кандидат/ка за најуспешен просветен работник/чка во одделенска настава за 2026г.<br><br>- Пол на избраниот кандидат/ка за најуспешен просветен работник/чка во предметна настава за 2026г. | Општина Крива Паланка | **30.000** |
| | | Донесување Одлука | | | | |
| | | Донесување Правилник | | | | |
| | | Објавување на Конкурс | | | | |
| | **4** | **ЦЕЛ: Јакнење на капацитетите на Општината преку партнерства и поддршка на училишни проекти за унапредување на образованието** | | | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| **464990 Г1** | Учество на општината во партнерски проекти | Соработка со институции и организации | **тековно** | - Број на партнерски проекти кои имаат родова компонента | | **50.000** |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Поддршка на проекти и иницијативи на училиштата | | во кои учествува општината за 2026г.<br>- Број на подржани проекти и иницијативи | | |
| | **5** | **ЦЕЛ: Унапредување на образовната и културната соработка помеѓу училиштата, семејствата и локалната заедница** | | | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати /индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| **426990 Г1** | Поттикнување на активно учество на учениците, наставниците и родителите во културно-образовниот живот на заедницата | - Организирани манифестации од основните и средните училишта по разни поводи<br>Вклучување на родители и ученици/чки во разни манифестации | **тековно** | Број на организирани манифестации<br><br>Број на родители и ученици/ученички кои учествувале во манифестации | | **10.000** |
| | | - Организирани активности од основните и средните училишта согласно нивните програми со цел промовирање на добросостојбата на учениците, заштита од насилства и спречување на дискриминација<br>Вклучување на родители и ученици/чки наставници | **тековно** | Број на организирани активности<br><br>Број на родители и ученици/ученички и наставници кои учествувале во активноста | | **10.000** |
| **421440 Г1** | | - Организирана посета на културно-историски настани во градот | **тековно** | - Број на вклучени ученици/чки во настани поврзани со културата и историјата на градот разделени по пол | | **10.000** |



+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | 6 | ЦЕЛ:Обезбедување ефикасно, економично и квалитетно функционирање на образовниот процес преку рационална распределба на буџетските средства и создавање подобри услови за настава и учење | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати /индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| **425250 Г1** | Создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на економскиот процес со реализирање на наредните фази на образование | **6.1Осигурување за одговорност од предизвикана штета на училишни објекти**<br>Обезбедување, стручна, техничка и друг вид поддршка | тековно | - Број на ученички/ученици запишани во обезбедените училишта | Општина Крива Паланка | **60.000** |
| | Распределба и ефикасно користење на буџетските средства наменети за основното и средното образование, | **6.2 Блок дотација за основно образование**<br>Одлука за распределба на средства за основните училишта | тековно | - Број на ученици разделен по пол во основните училишта на општина Крива Паланка | Министерство за образование и наука | **173.386. 000,00** |
| | | **6.3 Блок дотација за средно образование**<br>Одлука за распределба на средства за средното училиште | | - Број на ученици разделен по пол во средните училишта на општина Крива Паланка | | **70.258.000,00** |
| | **Непредвидени трошоци** | | тековно | | **Општина Крива Паланка** | **10.000** |
| | | | | | **Буџет од Општина:** | **5.388.000,00** |
| | | | | | **Буџет од блок дотација:** | **243.644.000,00** |
| | | | | | **ВКУПНО:** | **249.032.000,00** |

**Програмата стапува на сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2026 година**.



+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

Бр. _______________
2025 г.
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател
**Миле Трајковски**



☎ +389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка